

На 17. Републички натпревар „Млади библиотекари“, што се одржа на 28. 10. 2016 во Локалната библиотека „Кочо Рацин“ Велес учествуваа 23 учесници од основните училишта на Република Македонија.

Трочлената комисија во состав: Гордана Пешевска – виш библиотекар, претседател, Јадранка Мајсторова – библиотекар, член и Пепи Ставревски – претставник од училишните библиотеки и секретар на Извршниот одбор на БЗМ, член, по прегледувањето на тестовите, ги известија учесниците за постигнатите резултати. Миа Дарковска од ОУ „Елпида Караманди“ – Битола освои 101 бод, Игор Стојков од ООУ „Тодор Јанев“ - с. Чашка – Велес, освои 101 бод и Милена Николовска од ОУ „Браќа Миладиновци“ – Ресен освои 100 бода.

Со оглед на тоа дека двајцата први натпреварувачи имаа ист број на бодови – 101, се пристапи кон усно одговање на прашања. Може да се каже дека и двајцата натпреварувачи рамноправно се ноеса се до поставувањето на петтото прашање по кое натпреварувачот Игор Стојков ѝ подаде рака на натпреварувачката Миа Дарковска и ѝ честита за освоеното прво место. Според тоа: на прво место е Миа Дарковска од ОУ„Елпида Караманди“ – Битола, на второ место Игор Стојков од ООУ „Тодор Јанев“ - с. Чашка – Велес и третото место го освои Милена Николовска од ОУ „Браќа Миладиновци“ – Ресен.